Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 260//0306
23.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 13.05.2025 година, врз основа на примена жалба од **Емилија Целакоска,** го донесе следново мислење:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Внимавајте, женава е ПРОФЕСОРКА на државниот правен факултет и ние ја плаќаме да ни ги учи децата“**, објавен од онлајн медиумот Мотика.мк (mms.mk) на 16.04.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 16.04.2025 г., упати жалба за текстот „Внимавајте, женава е ПРОФЕСОРКА на државниот правен факултет и ние ја плаќаме да ни ги учи децата“, објавен од онлајн медиумот Мотика.мк (motika.mk) на 16.04.2025 г, при што се жали на „неточно и нефер известување, на мешање на факти и мислења, вест со коментар и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Што да „внимава“ читателот? Текстот под насловот не укажува на ништо спорно за внимавање, напротив, тоа се факти од извонредна биографија. Како може текстот за одличноста на професорка од УКИМ да има наслов кој почнува со „внимавајте“, потоа зборот „професорка“ е потенциран со големи букви, небаре нејзиното звање е чудна појава, а исто така со непочит кон звањето е наречена „женава“. Потоа, „и ние ја плаќаме да ни ги учи децата“ има елементи на подбуцнување бидејќи веќе е наведен фактот дека Правниот факултет (при УКИМ) е државен (УКИМ е државен универзитет и секоја негова единица е државна, се разбира)“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот. Во одговорот меѓу другото се наведува:

„Ова е очигледен обид за политичко влијание и наметнување на ставови, со што се врши обид да се ограничи слободата на говор на медиумите. Самиот факт што професорката за којашто се однесува постот не реагирала на објавата, укажува на тоа дека таа не гледа никаков проблем со истата“.

Од медиумот уште наведуваат дека биографијата е од официјалната веб страна на СДСМ, дека сите содржини што се пласираат се добиени од читатели, дека Мотика е медиум со хумористични и сатирични содржини и дека штом добиле реакција тие ја отстраниле содржината во знак на добра волја.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Внимавајте, женава е ПРОФЕСОРКА на државниот правен факултет и ние ја плаќаме да ни ги учи децата", објавен од онлајн медиумот Мотика.мк (motika.mk) на 16.04.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој се однесува на една од потпретседателките на политичката партија СДСМ, која воедно е и универзитетска професорка, а кој е поврзан со видео од друг медиум во кое посочената професорка имала интервју.

Комисијата најпрво констатираше дека отстранувањето на текстот од страна на медиумот е позитивен чекор, но сепак останува фактот што тоа е направено како реакција по добивањето на жалбата. Комисијата, исто така, утврди дека нема проблем во самиот текст во кој е пренесена биографија на професорката, но дека интервенцијата во насловот е непрофесионална.

Поконкретно, насловот е сензационалистички („внимавајте"), потценувачки („женава") и со исклучително негативна конотација („ја плаќаме да ни ги учи децата") кон неа, но исто така и кон звањето професор. Со насловот свесно се сугерира негативен став на јавноста кон професорката. Дополнително, ваквите формулации во насловот поттикнале и коментари кои содржат говор на омраза.

Поради овие аргументи Комисијата смета дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, а не е почитувана и одредбата 1.3 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ.

### Член 1

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

### Одредба 1.3 (Од Насоките...)

> Онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда. Фотомонтажите, обработените фотографии или други интервенции во автентични документи мора да се јасно разграничени од оригиналот и означени како такви со соодветен текст.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595